Shpendim Maksuti, PhD[1]

UDC: 323.1(=18:497.1)"1919/1921"

# AKTET E GJYKATËS KUSHTETUESE, ME VËSHTRIM TË VEÇANTË TË PROCEDURAVE PËR MBROJTJEN E TË DREJTAVE TË NJERIUT (ASPEKTI JURIDIK FORMAL) NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SË VERIUT

# АКТИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ (ФОРМАЛНО-ПРАВНИОТ АСПЕКТ) НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# THE ACTS OF THE CONSTITUTIONAL COURT, WITH SPECIAL REFERENCE TO THE PROCEDURE FOR THE PROTECION OF HUMAN RIGHTS AND FREEDOMS (THE FORMAL LEGAL ASPECT) IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

The Constitutional Court of the Republic of Macedonia, and on the occasion of the specific initiatives to evaluate constitutionality and legality, of course, in that context and within the framework of the topic, the specific requirements for the protection of human rights and freedoms in the Republic of Macedonia are important. It is about the formal legal aspect of the topics and dilemmas that refer to the procedure itself and the acts adopted by the Constitutional Court. As with other issues, and for the procedure itself and the acts adopted by the Constitutional Court, by the way, the issue of the important sources that regulate this issue in the formal legal sense of the word should be emphasized.

[1] Ligjërues part-time në Universitetin e Tetovës, Fakulteti Administratë Biznesi. - Planprogrami studimor Administratë Publike.

Starting from this principle determination and definition of the acts of the Constitutional Court, according to the Rules of Procedure of the Constitutional Court of the Republic of Macedonia, the acts adopted by the Court may be in the form of: decisions, decisions and conclusions. In the Rules of Procedure of the Constitutional Court, all these forms bear the common title "Acts of the Constitutional Court". The listed forms through which the acts of the Constitutional Court are expressed are the decisions, solutions and conclusions provided by the rules of procedure itself.

The Constitutional Court decides on the substance of the issues for which it is competent, and when it comes to annulment or repeal of a law or other regulation, program and statute of a political party or other general act; for the protection of human rights and freedoms. Here we are talking only about those freedoms and rights which in the substantive legal sense of the word enjoy protection before the Constitutional Court as a special mechanism.

The specificities that refer to the constitutional judicial protection of the mentioned freedoms and rights refer to the use of specific legal means, on the one hand, and on the other hand, the procedure itself and the decisions made by the court. Both sets of issues, which means both legal remedies and court decisions, do not have concrete solutions in the Constitution itself.

***Keywords:*** *The Constitutional Court, the acts, human rights and freedoms, procedure, decisions.*

## Актите на уставниот Суд на Република Северна Македонија

Важно е прашањето на актите кој ги донесува Уставниот суд на Република Северна Македонија, а по повод конкретните иницијативи за оценување на уставноста и законитоста, се разбира, во тој контекст и во рамките на темата важни се конкретните барања за заштита на човековите права и слободи во Република Македонија. Станува збор за формално правниот аспект на темите и дилемите кои се однесуваат на самата постапка и актите кои ги донесува Уставниот суд. Како и за другите прашања , и за самата постапка и актите кој ги донесува Уставниот суд патем треба да се нагласи и прашањето на важните извори со кој се уредува оваа

проблематика во формално правната смисла на зборот. Како најважни правни извори се: прво Уставот на Република Македонија од 1991 година и актот на Уставниот суд кој тој го донесува согласно упатната уставна норма од чл.113 од Уставот. Имено, според одредбите од цитираниот член на Уставот се подвлекува дека за начинот на работата и постапката пред Судот се донесува посебен акт. За негово донесување е овластен Уставниот суд. Актот на Уставниот суд со кој се уредува начинот на работата и самата постапка пред него се нарекува Деловник. Деловникот го донесе Уставниот суд на Република Македонија и истиот е во правна сила и се применува.[2]

Првиот комплекс се однесува во општо за одлуките во Уставниот суд, видот, карактерот и правното дејство и вториот комплекс на прашања кој е во директна врска со заштитата на човековите права пред Уставниот суд се однесува на специфичностите на постапката пред Судот.

Во тесна врска со конечноста односно правосилноста на одлуките на Уставниот суд е и прашањето на нивната извршност. Извршувањето на одлуките на Уставниот суд има посебно значење поради нивната ефективност. Извршувањето на одлуките на Уставниот суд претставува еден комплекс на мерки и активности со кои треба да се обезбеди извршувањето.

## Општо за одлуките на Уставниот суд, видот, карактерот и правното дејство

Кога се зборува за актите на Уставниот суд фактички се зборува за конкретните форми во кои тие се изразуваат и со кои се одлучува за конкретни прашања, конкретни теми, конкретни предмети, конкретни спорови во смисла на нивното мериторно решавање, од една страна како и за одделни процедурални прашања кој се однесуваат на самата постапка или во врска со постапката, од другата страна.

Поаѓајќи од ваквото начелно определување и дефинирање на актите на Уставниот суд, според Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, актите што ги донесува Судот

[2] Поконкретно решенијата содржани во член 113 од Уставот на РМ. За истото и во Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија објавен во “Службен весник на РМ”, бр. 70/92 од 7 октомври 1992 година.

може да бидат во форма на: одлуки, решенија и заклучоци. Во Деловникот на Уставниот суд сите овие форми носат заеднички наслов како „Акти на Уставниот суд“. Наведените форми низ кои се изразуваат актите на Уставниот суд се одлуките, решенијата и заклучоците кои ги предвидува самиот деловник.[3]

Потоа, со Деловникот и неговите одредби се определуваат и прашањата, споровите и другите предмети за кои Уставниот суд одлучува и донесува одлуки, потоа прашањето за кои донесува решенија и најпосле, сосема накратко, се подвлекуваат и заклучоците, нивното значење и прашањето за кои тие се донесуваат. По однос на одлуките на Уставниот суд, а согласно неговиот интерен акт, Уставниот суд одлучува за суштината на прашањата за кој е тој надлежен и тоа кога се работи за поништување или укинување на закон или друг пропис, програма и статут на политичка партија или друг општ акт; за заштита на слободите и правата на човекот. Овде станува збор само за оние слободи и права кои во материјално правната смисла на зборот уживаат заштита пред Уставниот суд како посебен механизам. И за нив стануваше збор во претходното излагање. Со одлука Уставниот суд решава и за судирот на надлежностите; за одземање на имунитетот; за одговорноста и за утврдување на настапување на условите за престанок на функцијата претседател на Република Северна Македонија; за имунитетот и за условите за разрешување на должноста на судија на Уставниот суд како и за утврдување на неуставност на закон односно неуставност и незаконитост на пропис или друг општ акт во времето на важењето, што престанал да важи во текот на постапката, а сето тоа во случаите ако бидат исполнети и од условите за нивно поништување.

Прашањето на решенијата, во Деловникот на Уставниот суд, се посебно санкционирани. Со Деловникот се настојува поконкретно да се утврдуваат случаите кога Уставниот суд донесува решенија. Покрај другото се утврдува и се санкционира дека Уставниот суд донесува решенија кога се работи за поведување на постапка за оценување на уставноста на закон; односно уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт; за запирање на постапката, за отфрлување на иницијативите, предлозите и барањата; за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејства донесени врз основа на закон, пропис или друг општ акт чија уставност

[3] За актите на Уставниот суд, член 69 од цитираниот Деловник на Уставниот суд.

односно уставност и законитост ја оценува и во други случаи кога не одлучува за суштината на работата.

Прашањето на заклучоците се уредува со конкретни одредби од Деловникот. Уставниот суд донесува и заклучоци. Заклучоците ги донесува за дејствијата што се преземаат во текот на постапката. Со овој вид на акти фактички Уставниот суд одлучува за конкретни прашања од процедурален карактер на иницијативите, барањата односно на постапките кои се покренуваат врз основа на нив.

При фактот дека за суштината на работите Уставниот суд одлучува со одлуки, веднаш се поставува прашањето на нивниот карактер, дејство и извршување. За разлика од одлуките кој се донесуваат во судска постапка или управна постапка, одлуките на Уставниот суд имаат свои специфики. Специфичностите се однесуваат на карактерот, дејството и извршувањето на одлуките. Се подвлекува дека одлуките на Уставниот суд се конечни односно правосилни, задолжителни и извршни. За волја на вистината во Уставот на Република Македонија се подвлекува дека одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни.[4]

Ваквата определба се забележува и во другите споредбени уставни системи. За да биде одлуката конечна и извршна потребно е одлуката да се објави во службеното гласило на Републиката. Службеното гласило во Република Македонија се именува „Службен Весник на РМ“. По објавувањето на одлуките во Службен весник, истите како конечни и извршни произведуваат правно дејство. Зборот конечни и извршни, во правна смисла на зборот, укажува и упатува на заклучок дека против одлуките на Уставниот суд не се дозволени редовни и вонредни правни средства ниту од учесниците во постапката ниту од друго лице или орган.

Во тесна врска со конечноста односно правосилноста на одлуките на Уставниот суд е и прашањето на нивната извршност. Извршувањето на одлуките на Уставниот суд има посебно значење поради нивната ефективност. Извршувањето на одлуките на Уставниот суд претставува еден комплекс на мерки и активности со кои треба да се обезбеди извршувањето. Извршувањето може да се бара откако одлуката на Уставниот суд ќе биде објавено во „Службено гласило“ на Републиката. Генерално е правило и определба дека одлуките на Уставниот суд ги извршува доносителот на

[4] Член 112 став 3 го уредува прашањето на одлуките на Уставниот суд како конечни и извршни.

општиот акт за кој акт, а по повод конкретна иницијатива, Уставниот суд се определил дека истиот е противуставен односно противуставен и противзаконит. Така на пример, ако имаме одлука за укинување на закон или одредба на закон, оваа одлука треба да се изврши непосредно од страна на Собранието на Република Македонија бидејќи само овој орган е законодавен орган во Република Македонија. Прашањата кој се поврзани за самото извршување на одлуките на Уставниот суд исто така се прашања кои се уредени со Деловникот на Уставниот суд. Кога се анализираат одредбите на Деловникот, сите во целина и секоја одредба одделно се забележува дека според позицијата што ја има Уставниот суд во Република Северна Македонија, Деловникот не му дозволува да биде индиферентен и во постапката за извршување на неговите одлуки[5]. Во Деловникот се подвлекува дека Уставниот суд и самиот „го следи" извршувањето на сопствените одлуки. Тоа со други зборови значи дека Уставниот суд покрај непосредната одговорност и обврска на доносителот, и самиот на некој начин се инволвира во извршувањето на одлуките на Уставниот суд, чие извршување го спроведува доносителот на актот. Во таа насока Уставниот суд може да побара, по потреба и Владата на Република Северна Македонија да посредува и да го обезбеди нивното извршување. За волја на вистината во Уставот и нема изрична одредба дека Владата е должна да ги извршува одлуките на Уставниот суд. Но кога се анализираат одредбите од Законот за Владата на Република Македонија, до еден таков заклучок по правило и може да се доаѓа. Покрај наведените посебности на одлуките на Уставниот суд, исто така, заслужува да бидат подвлечени и другите важни новини.

Важно е прашањето на **правното дејство** на одлуките на Уставниот суд, ова нешто и се подвлече погоре. Различни се решенијата во уставните системи на одделни земји. Два вида на правни дејства се подвлекуваат. Во одделни случаеви со одлука на Уставниот суд само се констатира неуставност на закон односно неуставност и незаконитост на друг пропис или општ акт без да се предвидува и да се бара конкретно правно дејство. Ваквите одлуки немаат посебно значење за правниот поредок на земјата, а немаат посебно значење и за субјектите кои се инволвирани во постапката.

[5] За изложените определби, покрај другото, и постапката за извршување на неговите одлуки, член 82 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија од 1992 година.

Важно е правното дејство на одлуките со кои се поништува или укинува закон односно друг пропис или општ акт. Во сите случаеви кога Уставниот суд на една земја, а тоа ваши и за Уставниот суд на Република Северна Македонија, се определува за поништување или укинување, во овој случај во уставно правната наука се подвлекува дека ваквите одлуки имаат **касаторно дејство**. Нивното дејство е, значи, од касаторен карактер. Ваквите одлуки секогаш имаат дејство и на непосреден начин се одразуваат на правниот поредок на земјата, а се одразуваат и врз конкретни права и обврски на самите субјекти.

Значајна е новината на одлуките на Уставниот суд кој се однесуваат на нивното дејство во поглед на **временскиот период**. Од овој аспект и од оваа гледна точка одлуките на Уставниот суд се делат на одлуки кој имаат ретроактивно дејство, од едната страна, и одлуките кои имаат дејство само за во иднина.[6] Во првиот случај одлуките се нарекуваат одлуки ***e* x *tinc***, додека во другиот случај одлуките се нарекуваат ***e x tinc***. За оваа поделба на одлуките на Уставниот суд, кои одлуки се однесуваат на временски период и се определува нивното дејство во временскиот период, и денеска во уставно правната наука, од една страна, како и од практиката на уставните судови од друга страна се изнесуваат аргументи за и против ваквата поделба. Посебно се оспоруваат одлуките кои имаат ретроактивно дејство. Веднаш треба да се нагласи, кога станува збор за дејството на одлуките во временски период таканаречено темпорно дејство, оваа поделба е резултат и последица на видот на донесената одлука од страна на Уставниот суд. По правило , кога со одлука на Уставен суд се поништува закон, пропис или друг акт, таква одлука има ретроактивно дејство. Во случаите кога со одлука на Уставен суд се укинува закон или негова одредба односно се укинува пропис или општ акт како и нивните одредби, тогаш одлуката има дејство од моментот на нејзиното донесување и објавување во „Службеното гласило“ на државата, па за во иднина.

Аргументите за оправданоста на одлуките со ретроактивно дејство се однесуваат како што следува: прво, со ваквите одлуки се почитува правдата и правичноста, второ, се отстрануваат штетните последици на конкретните лица кои претрпеле штета со

---

[6] За изложените определби, покрај другото, и Уставниот суд се делат на одлуки кој имаат ретроактивно дејство, од едната страна, и одлуките кои имаат дејство само за во иднина член 87 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија од 1992 година.

противуставниот односно противзаконскиот пропис; трето, со примената на одлуките со ретроактивно дејство се обезбедува ригорозно почитување на законите. Ваквите одлуки, како што се подвлекува во еден дел во правната наука се во директна „функција" на воспоставувањето и функционирањето на правната држава.[7]

Има и аргументи против ретроактивното дејство на одлуките на Уставниот суд. Покрај другото се подвлекува дека со примената на ваквите одлуки се доведува во прашање правната сигурност на граѓаните, правната сигурност и сигурноста на правниот поредок и посебно се доведуваат во прашање окончаните спорови со правосилни одлуки кој претставуваат **рес јудиката**. Исто така се подвлекува дека нивната примена е во директна спротивност со познатиот принцип, а принципот се однесува на неможноста да се повтори окончаната постапка – **ne bis in idem**. Ваквите аргументи се елаборираат во конкретните стојалишта во уставно правната наука.[8]

Кога станува збор за одлуките на Уставниот суд дека истите може да бидат одлуки за **поништување и одлуки за укинување** значи поништувачки односно укинувани, важно е да се нагласи дека и денеска е дискутабилно прашањето, како во теоријата посебно во практиката, на критериумите и условите врз основа на кои судот се определува за поништување односно укинување. Ваквите определби се мошне актуелни и за Уставниот суд на Република Северна Македонија. Во актот на Уставниот суд, а тоа е Деловникот, има одредби со кои се уредуваат овие прашања. Но, за волја на вистината и врз основа на овие одредби не се утврдени цврстите критериуми, критериумите да бидат јасни, прецизни и конкретни кога се донесува одлука за поништување односно во другите случаеви кога се донесува одлука за укинување. Според определени стојалишта, кога се работи за формално правна постапка и повреда на самата постапка при донесувањето на конкретниот акт чија уставност односно законитост се цени, тогаш одлуката треба да биде поништувачка. Во другите случаеви, посебно во случајот кога се работи за

[7] За оправданоста на одлуките на Уставниот суд да истите во конкретни случаи и со исполнување на конкретни услови да имаат ретроактивно дејство - *ex tunc* и во списанието "Правни живот", Београд, 1996 година, бр. 12, стр. 257, цитирано во делото на д-р Весела Мукоска - Чинго, цитирано дело, стр. 283.

[8] За ретроактивниот пристап на примената на одлуките на Уставниот суд - *ex tunc* и во делото на проф др Ратко Марковиќ, цитирано дело, стр. 681.

материјално правна повреда на актите односно нивните делови Уставниот суд се определува со одлука за укинување.[9]

Кога се анализираат одредбите на Деловникот, покрај другото се забележува дека Уставниот суд, при одлучувањето дали законот, прописот, или општиот акт ќе го поништи или ќе го укине, судот ќе ги земе предвид сите околности што се значајни за заштитата на уставноста и законитоста. Посебно се цени тежината на повредата и нејзината природа и значењето за остварување на слободите и правата на граѓаните или за односите што се воспоставени врз основа на тие акти, правната сигурност и другите околности значајни за одлучувањето.[10]

Во врска со правното дејство на одлуките на Уставниот суд, а со кои се цени согласноста на законите, другите прописи и општи акти со Уставот односно со Уставот и законите е важно да се потенцира **обемот** на правниот акт кој се поништува односно укинува. Од аспект и критериум како и од ова гледиште укинувањето односно поништувањето на актот може да биде во **целост** или **делумно.** Кога во еден конкретен случај ќе се определи за поништувачка односно укинувачка одлука, истиот ќе се определи за поништување односно укинување на актот во целост или само делумно. Тоа е оценка на Судот. Судот и во овие случаеви ги зема во предвид околностите кој се однесуваат на самата заштита на уставноста и законитоста и нејзиното значење, тежината на повредата и нејзината природа, со посебен аспект, се разбира, за остварувањето на слободите и правата на граѓаните. Ги цени околностите кои се однесуваат на правната сигурност и другите околности кои се значајни при самото одлучување. И овде и од овој аспект и критериум важна начелната определба, погоре изложена. Имено ако се работи за формална неуставност односно формална незаконитост што претставува потежок пропуст во постапката во донесувањето на актот, судот ќе се определи за негово поништување. Поништувањето се врши во целост. Во другите случаеви, и поконкретно, ако се работи само за материјална неуставност или материјална незаконитост на конкретни акти кои не се во согласност

---

[9] Во уставноправната наука се изразува одредена резерва дека критериумите не се поблиску одредени кога станува збор за укинување односно поништување на актите со одлука на Уставниот суд. За изложеното, д-р Димитрије Кулиќ, цитирано дело, стр. 199 и проф. Д-р Светомир Шкариќ, Уставниот суд на Република Македонија (сепарат), стр. 10-20.

[10] Ваквите определби произлегуваат од одредбите на член 73 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија од 1992 година.

уставот, односно со уставот и со законот, одлуката на судот ќе биде укинувачка односно одлуката на судот ќе се определи само за поништување односно укинување на конкретен дел од законот, правниот пропис или другиот општ акт. Кога тоа ќе биде случајот, како што се нагласи, зависи од конкретните околности и конкретната оценка на Уставниот суд [11].

Врз основа на изложените новини кои се однесуваат на видот, карактерот и дејството на одлуките на Уставниот суд, во рамките на општото согледување на оваа проблематика, најпосле е важно да се нагласи уште една важна новина. Новината се однесува на правното дејство и правните последици на одлуките на судот со кој се укинува односно поништува конкретен акт или конкретна одредба, конкретен дел од законот, правниот пропис или општиот акт. Имено, укинатите акти или негови делови се отстрануваат од правниот поредок на земјата. Посебно кога станува збор за поништување на конкретните закони односно акти, тие се сметаат непостоечки. Се сметаат како воопшто да не се донесени од надлежниот орган во конкретна држава. Ваквото правило и ваквите правни последици на поништените закони и акти се однесуваат и на правниот поредок на Република Северна Македонија.

## Специфичностите на постапката пред Уставниот суд по повод барањата за заштита на човековите права и слободи

Специфичностите на постапката пред Уставниот суд посебно со забележуваат во она се покренува по повод конкретни барања на лица, граѓани. Впрочем, во прашање се барањата за заштита на човековите права и слободи. Специфичностите се наоѓаат, со други зборови речено, во новините кои се однесуваат на актите, тие се одлуките, решенијата и заклучоците што ги донесува самиот суд во постапката за оцена на уставноста и законитоста. За нивната содржина и значење, станува збор.

Во врска со горе изложеното и овде и во овој осврт треба да се нагласи дека Уставот на Република Македонија предвидува мошне рестриктивен пристап и заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот во Република Северна Македонија. Тие се таксативно наведени , утврдени и санкционирани со конкретни

[11] За изложените определби на член 78 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија од 1992 година.

уставно правни норми. Станува збор за одредбите од чл.110 ст.1 алинеја 3 на Уставот на Република Македонија, 1991 година. Од овие одредби и нивните решенија се чита дека Уставниот суд на Република Македонија одлучува и ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на: прво, слободата на уверување, совеста, мислата и јавното изразување на мислата; второ политичкото здружување и дејствување; и трето забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност. Надвор од овие слободи и права, изрично наведени, за другите слободи и права не се пружа непосредна уставна правна заштита од страна на Уставниот суд, како посебна институција односно како посебен државен орган во Републиката, како што се дефинира овој орган – институција во самиот Устав.

Специфичностите кои се однесуваат на уставно судската заштита на наведените слободи и права се однесуваат на употребата на конкретни правни средства, од една страна, и од другата страна самата постапка и одлуките кој ги донесува судот. И едниот и другиот комплекс на прашања, што значи како за правните средства така и за одлуките на судот, немаат конкретни решенија во самиот Устав. Тие се уредуваат со одредбите на Деловникот на Уставниот суд. Веднаш и на самиот почеток треба да се нагласи дека во нашиот судски систем поточно уставно судски систем не постои уставна тужба односно уставна жалба, кои, како правно средство, постојат во другите современи уставни системи. Кај нас се воведува така наречена „квазиуставна тужба", како што се подвлекува, во еден дел на науката.[12]

При определбата дека Деловникот на Уставниот суд ги уредува прашањата на правните средства и одлуките, во таа конотација ги подвлекуваме поважните новини. Во Деловникот се подвлекува дека секој граѓанин кој смета дека му е повредено едно од правата и слободите кои се санкционирани во одредбите на Уставот и за кој се пружа уставно судска заштита има право тоа и да го бара. Заштитата се бара пред Уставниот суд. Правната заштита се бара во случаевите кога конкретното лице, конкретниот граѓанин смета дека се повредени неговите права со **индивидуален акт** или **дејство**. Во деловникот се подвлекува дека секој **граѓанин**

[12] За поимот "квазиуставна тужба" и во делото на проф. д-р Рената Тренеска-Дескоска, Конституционализмот и човековите права, Скопје, 2006 година, стр. 270.

што смета дека со поединечен акт или дејство му е повредено право или слобода утврдени со Уставот на Република Северна Македонија (со одредбите од чл.110 ст.1 алинеја 1 од Уставот) може да бара заштита од Уставниот суд во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт односно од денот на дознавањето за преземање дејство со кое е сторено повредата. Кога станува збор за рокот се предвидува и општиот објективен рок и истиот изнесува 5 години од денот на неговото преземање. Значи, објективниот рок од 5 години се смета од моментот кога конкретно дејство е преземено. Спрема тоа, ако не се почитува субјективниот односно објективниот рок правото пред Уставниот суд не може да се оствари. Веднаш паѓа во очи дека одредбата од Деловникот кое зборува за секој граѓанин, на мислење сум, не е во согласност со Уставот. Ова затоа што Уставот на Република Северна Македонија ги утврдува и ги гарантира основните права и слободи на секој граѓанин и човек.

Важна е новината која се однесува на постапката за заштита на слободите и правата на граѓанинот и човекот, а тоа се однесува на употребата на правното средство. Според Деловникот како правно средство се споменува и се уредува правното средство кое се нарекува - **барање**. По однос на кругот на субјектите кои можат да поднесат барање, кругот е строго фиксиран. Право да поднесе барање има само лице односно лица кои сметаат дека со поединечен акт или дејство се повредени правата кои се санкционирани и за кои се пружа уставно судска заштита. Согласно определбите на Уставниот суд не постои можност едно лице (човек односно граѓанин) да поднесе барање за друго лице. Како причина за тоа да биде наведено дека наводно спрема другото лице е сторена одредена повреда. За ваква определба Уставниот суд има и свое конкретно стојалиште изразено во еден конкретен спор.[13]

Поднесеното барање од страна на поединецот , лицето, кое смета дека се повредени неговите права со поединечен акт или дејство се поткрепува со конкретни докази, факти и акти. Примeното барање во рок од 3 дена, сметано од денот на приемот се доставува на одговор до субјектот, значи до другиот субјект во постапката. Другиот субјект во постапката е противникот, а тоа е

[13] За правото на правна заштита пред Уставниот суд како лично право се јасни неговите стојалишта. Стојалиштата се цитирани во книгата на проф. Д-р Рената Тренеска-Дескоска, цитирано дело, стр. 271.

органот односно организацијата, институцијата што го има донесено конкретниот правосилен поединечен акт или го има преземено конкретното дејство. Другиот учесник во постапката има право да даде одговор на барањето и да ги наведе наводите во барањето. Одговорот се изготвува и се доставува до судот во рок од 15 дена сметано од денот кога го примил барањето. Откако ќе биде комплетиран предметот Уставниот суд најдоцна во рок од 30 дена од денот кога е предметот даден во работа закажува седница и на седницата на Судот се поднесува реферат. По правило, Уставниот суд за ваквото барање одлучува на јавна расправа. Поточно, Уставниот суд одржува јавна расправа на која расправа се повикуваат учесниците во постапката и народниот правобранител. По потреба, што зависи од оценката на судот, судот може да се определи на јавната расправа да бидат повикани и други лица, органи или организации. Јавната расправа може да се одржи и во случај да на истата отсуствува некој од учесниците во постапката или народниот правобранител. Ова се разбира ако судот утврди дека истите се уредно поканети. Уредната покана претставува важен услов за одржување на седница во отсуство на уредно поканет учесник[14].

Одлуките на Судот за кои е овластен да ги донесе во оваа постапка а по повод барањето за заштита, за човековите права и слободи се мошне важни. Со одлука ќе го одбие барањето на подносителот ако судот утврди дека со посочениот поединечен акт или дејство не е повредено правото на подносителот. Нагласувам дека станува збор само за оние права и слободи за кои важи правилото и можноста за уставно судска заштита, тие се таксативно наведени во самиот Устав. Битна е наредната посебност на одлуката на Уставниот суд. Имено станува збор за позитивна одлука. Со други зборови станува збор за одлука со која Уставниот суд го уважува барањето на подносителот. Во овој случај кога Уставниот суд ќе утврди дека со конкретниот поединечен правен акт или дејство се повредени правата на подносителот (на барателот) или само едно конкретно право или слобода, судот ќе го поништи поединечниот акт односно ќе го забрани дејството[15]. Според тоа, како што може да се забележи, овде немаме укинување на поединечните

[14] Ваквите определби произлегуваат од одредбите на член 74 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија од 1992 година.

[15] За изложените определби, покрај другото, и во решенијата содржани во член 88 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија од 1992 година.

акти. Напротив поединечните акти се **поништуваат**. Во текот на постапката Уставниот суд може да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечниот акт или дејство, за кое е поведена постапка за оценување на нивната согласност со Уставот односно законот. Ваквата одлука е од времен карактер и има дејство, поточно, решението за запирање ќе се применува до донесувањето на конечната одлука од страна на Судот по повод конкретно поднесеното барање.

Важна е новината и по однос на извршувањето на одлуките на Уставниот суд со која се поништува поединечниот конечен акт или дејство. Важи правилото дека ваквите акти поточно одлуките на Уставниот суд е должен да ги изврши органот (организацијата, институцијата) што го има донесено актот кој бил под лупа на уставност и законитост и Уставниот суд го поништил.

Во врска со извршувањето на одлуката на Уставниот суд со кое се поништува поединечниот акт односно се забранува одредено дејство, подносителот на барањето има правен рок да во рок од 6 месеци од денот на објавувањето на судската одлука во „Службен весник на РМ", да бара од органот односно организацијата - институцијата актот да се поништи и да се отстранат последиците предизвикани од истиот.

Важна е улогата на Уставниот суд кога станува збор за извршување на неговите акти кој се донесуваат по повод повредата на човековите права и слободи. Имено, ако последиците не можат да се отстранат, судот може да определи последиците да се отстранат: прво, враќање во поранешна состојба; (restitution in integrum); друго, со надомест на штета; и трето, на друг начин. Со други зборови судот ќе го определи начинот на отстранување на последиците кои се предизвикани со поништените поединечни акти или дејство.[16]

Важна е новината, содржана во Деловникот на Уставниот суд, а кое се однесува на решенијата на извршување на правосилните поединечни акти. Во таа смисла во Деловникот се подвлекува дека извршувањето на правосилните поединечни акти донесени врз основа на закон, пропис или друг општ акт што со одлука на Судот е укинат не може да се дозволи, ниту да се спроведе, ако извршувањето е започнато, ќе се запре.

[16] За изложените определби, покрај другото, и во решенијата содржани во член 80 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија од 1992 година.

При горе наведената регулатива и од аспект и критериум на поведените постапки пред Уставниот суд се забележува една појава. Имено, мошне е мал бројот на предмети кој се заведени во Уставниот суд, по повод барањата на граѓаните, кои се однесуваат за повреда на нивните права и слободи. Спрема некои истражувања, и само како пример, во периодот од 1991 година до 1995 година од вкупниот број на предмети кој се поднесени и заведени за решавање на Уставниот суд на Република Македонија само 3% од нив биле предмети оформени по повод конкретните барања за повреда на човековите права и слободи. Во уставно правната теорија се прават конкретни анализи и научни согледувања на причините на овој мал број на предмети. Две причини посебно се тангираат. Причините кои ги наведувам заслужуваат посебно да бидат анализирани. Првата причина се однесува на мошне рестриктивниот пристап на уставно-судска заштита на човековите права и слободи. Беше подвлечено во овој труд дека станува збор само за три права и слободи кои на непосреден начин можат да бидат заштитени и преку Уставниот суд на Република Северна Македонија, како посебен орган во државата. Другата причина, исто така, заслужува внимание. Станува збор за се уште недоволното разграничување на надлежностите помеѓу судовите од општа надлежност, значи судската власт и нејзината надлежност во сферата на заштитата на човековите права и слободи, од една страна и од друга страна, надлежностите на Уставниот суд. На ваквите размислувања, покрај другите конституционалисти, е и Проф. Шкариќ.[17]

За да се добие една појасна претстава и трудот кој се однесува на уставно-судската заштита на човековите права и слободи, со посебен осврт пред Уставниот суд на Република Македонија, сум на мислење дека треба да се направи осврт и за човековите права и слободи на Република Северна Македонија. Ова од материјално-правниот аспект. Во тој контекст треба, сосема накратко, да се потенцираат и другите правни механизми за заштита на човековите права и слободи. Со овие два осврти, сум на мислење, трудот ќе претставува една заокружена целина. Ова дотолку повеќе што прашањата од овие комплекси се меѓусебно поврзани. Од тие

[17] Професорот Шкариќ посебно ги елаборира причините за малиот број на предмети и спорови пред Уставниот суд, а кои се однесуваат за заштита на човековите права и слободи. За тоа во Сепаратот на професорот Шкариќ, Уставниот суд на Република Македонија, стр. 10-30, како и во книгата на д-р Весела Мукоска-Чинго, цитирано дело, стр. 243 – 293.

причини во наредните два дела се осврнувам на човековите права и слободи, од една страна, и од другата страна за конкретните правни механизми кои ги уредува Уставот на Република Македонија, а се однесуваат на заштитата на човековите права и слободи[18].

## Conclusion

When analyzing the provisions of the Rules of Procedure, it is noted, among other things, that the Constitutional Court, when deciding whether the law, regulation, or general act will be annulled or repealed, the court will take into account all the circumstances that are significant for the protection of constitutionality and legality. The gravity of the violation and its nature and significance for the realization of the freedoms and rights of citizens or for the relations established on the basis of those acts, legal certainty and other circumstances important for decision-making are especially appreciated.

Based on the novelties presented, which refer to the type, character and effect of the decisions of the Constitutional Court, within the general understanding of this problem, it is finally important to emphasize one more important novelty. The novelty refers to the legal effect and legal consequences of the decisions of the court which repeals or cancels a specific act or a specific provision, a specific part of the law, the legal regulation or the general act. Namely, the repealed acts or their parts are removed from the legal order of the country. Especially when it comes to annulment of specific laws or acts, they are considered non-existent. They are considered as if they were not adopted at all by the competent authority in a specific country. Such a rule and such legal consequences of annulled laws and acts also apply to the legal order of the Northern Republic of Macedonia.

The specificities that refer to the constitutional judicial protection of the mentioned freedoms and rights refer to the use of specific legal means, on the one hand, and on the other hand, the procedure itself and the decisions made by the court. Both sets of issues, which means both legal remedies and court decisions, do not have concrete solutions in the Constitution itself. They are governed by the provisions of the Rules of Procedure of the Constitutional Court. Immediately and at the very beginning, it should be emphasized that in our judicial system, or rather

[18] Во овој поглед јасни се одредбите од членовите 50-54 од Уставот на Република Македонија.

constitutional judicial system, there is no constitutional lawsuit or constitutional appeal, which, as a legal remedy, exist in other modern constitutional systems. In our country, a so-called "quasi-constitutional lawsuit" is being introduced, as it is underlined, in one part of science.

Important is the novelty, contained in the Rules of Procedure of the Constitutional Court, which refers to the decisions on the execution of legally binding individual acts. In that sense, the Rules of Procedure underline that the execution of legally valid individual acts adopted on the basis of a law, regulation or other general act that has been abolished by a decision of the Court cannot be allowed, nor can it be carried out, if the execution has started, it will be stopped .

**Рецензенти:**
**Проф. Д-р Јетон Шасивари**
**Проф. Д-р Јусуф Зејнели**

**Библиографија:**

1. Д-р Шкариќ, Светомир: “Споредбено и македонско уставно право”, Скопје, 2004. стр. 10-20.

2. Д-р Шкариќ, Светомир: „Уставно право“, „Матица“, Скопје, 2006. 2006., стр. 10-30

3. Списанието “Правни живот”, Београд, 1996 година, бр. 12, стр. 257, цитирано во делото на д-р Весела Мукоска-Чинго, цитирано дело, стр. 283.

4. Д-р Марковиќ. Ратко: „Уставно право и политичке институције“, Београд 2008, цитирано дело, стр. 681.

5. Д-р Шкариќ, Светомир: „Уставно право“, „Матица“, Скопје, 2006., стр. 10 - 30,

6. Д-р Мукоска-Чинго, д-р Весела: “Уставно судство”, Скопје, 2002, цитирано дело, стр. 243-293.

7. Д-р Рената Тренеска - Дескоска, Скопје, 2006 стр. 271.

8. Тренеска, Д-р Рената: „Извршната власт во демократските системи”, Матица Македонска, Скопје, 1999. стр. 270.

9. Уставот на РМ од 1991 година.

10. Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија објавен во “Службен весник на РМ”, бр. 70/92 од 7 октомври 1992 година.